Бр./Nr. 09 - 2118/3
22-10-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 39-тата седница, одржано на ден 02 октомври 2020 година, донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапувањето по предметот со број 09-2118/1 од 29.03.2019 година, бидејќи по утврдена повреда на член 53 став 3 од Закон за локална самоуправа од страна на Градоначалникот на Општина ------------, за кој не е утврден прекршок, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување.

Предметот со број 09-2118/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2118/1 од 29.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител за судир на интереси кај Градоначалникот на Општина ------------, при спроведување на постапка за јавна набавка за доделување на договор за јавна набавка за услуги – ---------------------- како и за нерегуларности во постапката за назначување на секретар на Општина --------------.

Заради утврдување на наводите од пријава, Државната комисија побара од ---------- да ја достави целокупната постапка и документација за случување на договор за ------------------ и да доставаат информација дали лицето -------------- е назначен за секретар на Општина --------------а, доколку истото лице е назначено или му е дадено овластување да ја извршува функцијата секретар на Општина ------------, да се достави целокупната постапка по споменатото назначување.

Од доставената документација се констатира дека не се потврдуваат наводите за нерегуларности во постапката за назначување на секретар на Општина --------------, бидејќи согласно дописот добиен од Градоначалникот на општина ------------- на ден 27.08.2020 година, не е поведена никаква постапка за назначување на секретар на Општина ------------

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

----, а ниту е именуван секретар на Општината. Согласно Законот за вработување во јавниот сектор и статусот на Општина ----------- на лицето ----------------, помлад соработник во Одделението за поддршка на градоначалникот, му се дадени овластувања за координирање на активностите во Одделението за поддршка на градоначалникот, Одделение за човечки ресурси и Одделение за стручно- административни работи, согласно задачите кои произлегуваат од Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација.

Понатаму, во однос на наводите за судир на интереси кај Градоначалникот на Општина -------------, при спроведување на постапка за јавна набавка за доделување на договор за јавна набавка за услуги – Осигурување на недвижен и движен имот во сопственост на Општината и колективно осигурување на вработени од доставената документација се констатира дека на ден ------------- година Градоначалникот на Општина ----------- носи Решение за спроведување на јавна набавка со број. ---------- за доделување на договор за јавна набавка за услуги – Осигурување на недвижен и движен имот во сопственост на Општината и колективно осигурување на вработени. Проценета вредност на набавката е 305.000 денари. За спроведување на споменатата постапка се формирала комисија за јавна набавка во состав: ------------- – Претседател, ------------ – член и ------------ – член.

Како критериум за доделување на јавната набавка е најниска цена. Врз основа на Извештајот од спроведената постапка, изготвен од споменатата комисија за јавна набавка, се констатира дека како понудувач со најниска цена е -------------------, односно 155.097,00 денари. Врз основа на тоа Комисијата за јавна набавка како предлог за најповолна понуда го доставила следниот предлог за избор за најповолна понуда: ----------------. Градоначалникот на општина ------------- со Решение за овластување на лице за донесување на одлука за избор и потпишување на договор во постапка со барање за прибирање на понуди (Оглас бр.------ година), за доделување на договор за јавна набавка на услуги - Осигурување на недвижен и движен имот во сопственост на Општина --------- и колективно осигурување на вработените со бр. ------- од ---------година, со кое Решение е овластено лицето -----------, државен службеник во општинската администрација на општина ----------, да ја донесе одлуката за избор на најповолна понуда и да го потпише споменатиот договор за јавна набавка на услуги, поради постоење на судир на интереси кај одговорното лице и најповолниот понудувач. Со вака констатирана состојба, Градоначалникот на општина --------- постапил согласно член 75 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Но, во конкретниот случај треба да примени одредбата 53 од Законот за локална самоуправа, кој во конкретниот случај е lex specialis. Согласно овој член, предвидена е посебна постапка доколку градоначалникот се

наоѓа во состојба на судир на интереси, кој требало да се примени во конкретниот случај, односно одлука за избор и потпишување на договор во постапка со барање за прибирање на понуди (Оглас бр.4/2019 година), за доделување на договор за јавна набавка на услуги - Осигурување на недвижен и движен имот во сопственост на Општина ----------- и колективно осигурување на вработените со бр. -------- од ----------- година, требало да ја донесе член на Совет на општината, избран на начин на кој се бира Претседател на совет. За прекршување на членот 53 од Законот за локална самоуправа нема предвиден прекршок во истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**